Бр. 02 - 363/2-1
14.3.2023 година
Скопје

Врз основа на член 103, точка 8, во врска со член 97, став 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 173 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**за мандатниот период 16 септември 2023 – 15 септември 2026 година**

1. Услови за избор на ректор:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е од редот на редовните професори.
2. Кандидатот кој се пријавува на јавниот оглас, до Универзитетската изборна комисија треба да достави:
- пријава;
- програма за работа;
- биографски и библиографски податоци;
- одлука за избор во звањето редовен професор;
- уверение за државјанство;
- е-адреса;
- телефон за контакт.
3. Рокот за доставување на документацијата е најдоцна до **2.5.2023** година.
4. Документацијата се поднесува:
- во оригинал или заверена копија со предавање во архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на адреса: бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, до Универзитетската изборна комисија со назнака: „за јавниот оглас за избор на ректор“, **како и**
- во електронска форма најдоцна до 24:00 часот на последниот ден, на следнава е-адреса: uik@ukim.edu.mk. Доколку кандидатот има електронски потпис издаден од овластени издавачи на електронски потписи во РСМ (КИБС или Македонски телеком), документите ги потпишува со него, во спротивно поднесува скенирани документи потпишани со неговиот своерачен потпис.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *